# Доброволно помогнато умирање
# Информативен лист за документот за дискусија

## Клучни пораки

- Секој има право да одлучува за сопствениот живот
- Владата на Западна Австралија сака да донесе закони со кои на некои возрасни лица им се дозволува да побараат медицинска помош за да си го прекратат животот порано, ако се веќе на умирање и многу страдаат
- Тие закони би биле многу строги
- Група на стручњаци ѝ помага на владата да одлучи како би можеле да се применуваат законите
- Сега ве прашуваме за вашите мислења и идеи во врска со тоа

## Што е доброволно помогнато умирање?

Доброволно помогнато умирање значи дека некои возрасни лица би можеле да побараат медицинска помош за да си го прекратат животот, ако имаат болест или заболување кое е толку тешко што ќе доведе до смрт и поради кое тие многу страдаат.

## Кому би можело тоа да му помогне?

Ако тие закони се донесат во Западна Австралија, се очекува дека тоа би можело да им помогне на жителите за Западна Австралија кои се стари најмалку 18 години и можат сами да одлучуваат. Тие би требало да донесат одлука без притисок од било кој друг. Тие би требало да имаат болест или заболување што ќе ја предизвика нивната смрт и е причина многу да страдаат.

## Што ако некој има ментална болест или попреченост?

Се очекува лице кое има само ментална болест или попреченост да не може да има пристап кон доброволно помогнато умирање. Тоа лице исто така мора да има болест или заболување што ќе ја предизвика неговата или нејзината смрт и е причина многу да страда.

## Како би се донесувала одлуката? Може ли да бидеме сигурни дека е тоа безбедно?

Се очекува лицето да треба да види двајца доктори и докторите мора да се согласат дека ситуацијата на лицето е во согласност со законот. Докторите мора да бидат сигурни дека никој не врши притисок врз лицето да го направи изборот. Понекогаш би било побарано мислење и од друг доктор.

Лицето секогаш би имало право да рече „не“.

## Што друго треба да знам?

Ова е едноставен информативен лист што не ги содржи сите информации за доброволното помогнато умирање.

**Министерска стручна комисија за доброволното помогнато умирање**

Верзија 2.0 објавена во март 2019 година

## Каде може да најдам повеќе информации?

Комплетниот документ за дискусија содржи многу повеќе детали за законот и за тоа како тој би можел да се применува. Во него исто така има прашања што луѓето треба да ги земат предвид.

Комплетниот документ за дискусија е достапен на интернет страницата (податоците се подолу). Делови од документот може да се слушаат или гледаат на интернет страницата.

## Како можам моето мислење да ѝ го кажам на Владата?

Групата стручњаци ќе одржи состаноци во Перт и во внатрешноста на Западна Австралија. Тие ќе ги објаснат идеите и ќе слушаат што луѓето имаат да речат.

Ве молиме дојдете на тие состаноци. Податоците за состаноците се на интернет страницата.

Исто така сте добредојдени да одговорите на прашањата на интернет страницата, да пратите имејл или да ѝ пишувате на групата стручњаци. Информациите што ќе ги дадете ќе бидат објавени на интернет страницата, освен во случај да побарате да не го направиме тоа.


Интернет страница: health.wa.gov.au/voluntaryassisteddying

Имејл: VADconsultations@health.wa.gov.au

Поштенска адреса: *The Ministerial Expert Panel on Voluntary Assisted Dying*
PO Box 8172
Perth Business Centre
Perth WA 6849